

Д-р Јана Манева-Чупоска е родена на 22 декември 1970 година во Скопје. Докторските студии ги реализирала на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, каде што 2016 година успешно ја одбранила докторската дисертација со наслов „Естетски и структурни карактеристики на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нејзините трансформации во современ моден дизајн“, под менторство на Проф.д-р Зоранчо Малинов со што го стекнала звањето Доктор по фолклористика.

Нејзините истражувања се насочени кон традиционалните уметности и традиционалните занаети, естетските и структурните карактеристики на македонските народни носии, нивната трансформација во современата мода и зачувувањето и практикувањето на традиционалните текстилни уметности и занаети како ткаење, плетење, везење, кроење, шапкарство и други занаети. Таа исто така се занимава со проучување на историскиот развој на текстилната индустрија во Македонија.

Д-р Манева-Чупоска е автор на една монографија изработена врз основа на нејзината докторска дисертација, со наслов „Естетски и структурни карактеристики на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нејзините трансформации во современ моден дизајн“ збогатена со обемна фотографска документација, како и на повеќе научни трудови рецензирани во меѓународни списанија, меѓу кои:

- „Развојот на македонската етно-мода во денешната дигитална ера – нови предизвици и дигитални модни формати“, Македонски фолклор, бр. 84, ИФМЦ, Скопје, 2023, стр. 177–188.

- „Развојот на македонската етно-мода во денешната дигитална ера – нови предизвици и дигитални модни формати“, IDEA, International Journal of Science and Arts, Vol. 7, No. 13, ЕУРМ, Скопје, 2023, стр. 189–200.

- Mood’s Risk Integrity“, IDEA, International Journal of Science and Arts, Vol. 5, No. 9, ЕУРМ, Скопје, 2021, стр. 111–121.

Учествувала на бројни меѓународни конференции и симпозиуми каде ги презентирала своите интердисциплинарни истражувања од областа на ликовната уметност, модниот дизајн, балканскиот фолклор, теми поврзани со занаетите дигиталната етно-мода и текстилните уметности.

Од септември 2025 година станува член на ISFNR, (Меѓународното здружение за фолклор и истражување на народни наративи (The International Society For Folk Narrative Research)